# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТУРИСТИЧИКА ПРОМОЦИЈА И ТУРИСТИЧКИ МАРКЕТИНГ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102 - 106/4 од 19.2.2018 година, донесена на 185. седница на Наставно-научениот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 19.2.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научнате области ***туристичка промоција и туристички маркетинг на*** Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Лидија Симонческа, ред. професор на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид (претседател);
- проф. д-р Јован Стојаноски, ред. професор на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид (член);
- проф. д-р Зоран Тунтев, ред. професор на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 8.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Златко Јаковлев, вонреден професор по туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ние на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „ГоцеДелчев“ за избор на еден наставник во сите звања, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 8.2.2018 година, за наставно-научните области ***туристичка промоција и туристички маркетинг се пријави кандидатот*** проф. д-р Златко Јаковлев, вонреден професор по туризам и угостителство, и ги достави потребните документи според Конкурсот и тоа:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранета докторска дисертација (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал);
- уверение за државјанство.

Од приложената документација на пријавениот кандидат, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци за д-р Златко Јаковлев***

**Д-р Златко Јаковлев** е роден е 2.1.1971 година во Охрид, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1989/1990 година се запишува на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид. Студиите по туризам и угостителство ги завршува во 1995 година со просечна оценка 8,31, при што се здобива со звање дипломиран организатор по туризам и угостителство. Во учебната 1995/1996 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, насока Туристички менаџмент. Предвидените испити ги положува во определениот рок со просечна оценка 9,44. На 13.1.2000 година на јавно закажана одбрана на магистерскиот труд со наслов „Анимациски карактеристики на туристичките вредности во Охридско-преспанскиот регион" се стекнува со академска титула магистер на науки од обласа на туризмот и угостителството. Со оглед на тоа што туризмот и натаму е негова научна преокупација, на 19.12.2002 година пријавува докторска дисертација под наслов „Анимацијата во средствата на туристичката пропаганда", која со успех ја изработува. Јавно закажаната одбрана на 11.1.2006 година со успех е одбранета, при што се стекнува со академски назив доктор на науки од обласа на туризмот и угостителството.

Во 1996 година краток временски прериод работи во туристичкото стопанство и со успех го совладува рецепциското работење. Во 1998 година релативно краток временски интервал е репрезент на туристичкото стопанство преку агенцијата за развој на туризмот „ТАО", во рамките на општина Охрид, преку која е пратен на стручно усовршување на програмата Менаџмент во туризмот. Веќе истата година активно е вклучен во стопанските текови т.е. вработен е во ЕМО Охрид АД на место референт за увоз, потоа координатор во централна набава, а од август 2004 година до јануари 2007 година е директор на маркетинг во ЕМО Охрид АД. Од февруари 2008 година до август 2008 година како насловен доцент го предава предметот Маркетинг на приватниот Универзитет МИТ во Скопје.

На 6.8.2008 од страна на Матичната комисија за формирање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип е избран за доцент по предметот Менаџмент во туризмот. И официјално, од ноември 2008 година е вработен како доцент во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на Факултетот за туризам и бизнис логистика по предметот Менаџмент во туризмот на редовните студии. Исто така, на истиот факултет, на редовните студии ги предава предметите: Основи на туризам, Слободно време и алтернативен туризам, Маркетинг во туризмот и Анимации во туризмот. На 9 август 2013 година е избран за вонреден професор по туризам и угостителство во област туристичка промоција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. На истиот факултет, на редовните студии ги предава предметите: Основи на туризам, Слободно време и алтернативен туризам, Менаџмент во туризмот и Анимации во туризмот. На постдипломски студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика на насоката Меѓународен туризам ги предава предметите: Современи тенденции во туризмот, Стратегиски менаџмент во туризмот и Менаџмент на анимација во туризмот. Додека на Земјоделскиот факултет во рамки на истиот Унверзитет, на постдипломските студии ги предава предметите: Маркетинг во туризмот и Алтернативен туризам. На трет циклус на насоката Туризам и Угостителство ги предава предметите: Контролинг и безбедност во туризмот, Менаџмент на туристичко-угостителски понуди и Маркетинг во туризмот.

Негова преокупација е стручно и научно надградување на неговата личност преку перманентното образование. За таа цел има активно учество во повеќе програми и курсеви и со успех ги завршува истите. Во тој контекст би ги спомenале следниве: Менаџмент тренинг програма на Универзитетот во централен Ленкашир - Велика Британија, Менаџмент тренинг програма во Британската индустрија, курс по Деловно планирање, курс по Менаџмент за време, курс по Согледување на трошоците на производите и услугите, курс по Финансиска контрола и курс по Практичен маркетинг. Има напишано поголем број научни и стручни трудови од доменот на туризмот,

анимацијата во туризмот и менаџментот. Исто така, учествува и во одредени проекти за локален и туристички развој на Општина Охрид и е раководител на проект во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од светските јазици го владее англискиот јазик, а има познавања и од германскиот јазик и компјутерското работење.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот проф. д-р Златко Јаковлев, од изборот во звање доцент во научната област менаџмент во туризмот, од страна на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика, на 6.8.2008 година и на 9.8.2013 година кога е избран за вонреден професор по туризам и угостителство во научната област туристичка промоција, до денес од наставно-образовната дејност реализира наставна активност на додипломски, постдипломски и докторски студии на истиот факултет, во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од научноистражувачката дејност објавува значаен број научни трудови и статии во научни и стручни списанија или нив ги презентирал на домашни и на меѓународни конференции и семинари. Исто така, учествува во изработка на научноистражувачки проекти и курсеви во рамките на работната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, но и надвор од него.

Од светските јазици го владее англискиот, а има познавања и од германскиот јазик и компјутерското работење.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Кандидатот д-р Златко Јаковлев, вонреден професор од научната област туристичка промоција, е избран со Одлука бр. 2602-589/4 од 9.8.2013 година на 97. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Изборот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, број 105 од 1.7.2013 година, стр. 71-84, во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област туристичка промоција.

Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Jakovlev, Zlatko** and Koteski, Cane and Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza and Dzambazoski, Kristijan | The Sports-Recreational Animation as a Factor for Tourism Development. | Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (1). (2014), ISSN 2328-2169 | 5 |
| 2. | **Jakovlev, Zlatko** and Koteski, Cane and Bardarova, Snezana and Zezova, Aleksandra and Dzambazoski, Kristijan and Koteski, Goranco | Animator’s Roles in Enriching the Content of Tourist Stay. | Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (3). 2014, ISSN 2328-2169 | 5 |
| 3. | **Jakovlev, Zlatko** and Serafimova, Mimoza and Koteski, Cane and Zezova, Aleksandra | Entrepreneurship and management of animation in tourism. | Economic Development Journal of the Institute of Economics (1-2). pp. 307-320. 2015, ISSN 1409-7893. | 19 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Petrevska, Biljana and **Jakovlev, Zlatko** | Does event tourism prevent seasonality? Assessment of the East Region of Macedonia. | Ciência e Técnica Vitivinícola, 30 (15). Pp. 41-50. 2015, ISSN 0254-0223 | 30 |
| 5. | **Jakovlev, Zlatko** and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Josheski, Dushko and Serafimova Mimoza and Zezova, Aleksandra | Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia. | Wulfenia Journal, 2016, 23 (2). pp. 523-535. ISSN 1561-882X Impact Factor 2016 2.000; Five-Year-IF 1.262; RG Journal impact 1.019 Index SCOPUS; Impact Factor 0.188 (SJR); 0.495 (SNIP) | 23 |
| 6. | **Jakovlev, Zlatko** and Arnaudov, Blagica and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola | Conditions and perspectives for development of the tourism in Dojran as well as Dojran Lake | Journal of Process Management – New Technologies, International, (JPMNT) Vol. 4, Issue 2, 2016 pp. 12-16. ISSN 2334-7449 Index Copernicus Impact factor 3,6 ICDS | 6 |
| 7. | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and **Jakovlev, Zlatko** and Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza | Volatility and growth | Wulfenia Journal, 20 (12). 2013 pp. 1-12. ISSN 1561-882X. | 20 |

Трудовите што се претставени во табелата се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Jakovlev=3AZlatko=3A=3A.html

***Наставно-образовна дејност***

Список на предмети на прв и втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Назив на предметот:** **Студиска програма:**

| | |
|---|---|
| Основи на туризам | Туризам и ГИД – редовни студии |
| Менаџмент во туризмот | Туризам и ГИД – редовни студии |
| Слободно време и алтернативен туризам | Туризам и ГИД – редовни студии |
| Анимации во туризмот | Туризам и ГИД – редовни студии |
| Анимации во туризмот | Туризам и ГИД – редовни студии |
| Современи тенденции во туризмот | Меѓународен туризам – постдипломски студии |
| Стратегиски менаџмент во туризмот | Меѓународен туризам – постдипломски студии |
| Менаџмент на анимација во туризмот | Меѓународен туризам – постдипломски студии |
| Маркетинг во туризмот | Рурален туризам – постдипломски студии Земјоделски факултетет |

| | |
|---|---|
| Алтернативен туризам студииЗемјоделски факултетет | Рурален туризам – постдипломски |
| Контролинг и безбедност во туризмот докторски студии | Туризам и угостителство – |
| Менаџмент на туристичко-угостителски понуди докторски студии | Туризам и угостителство – |
| Маркетинг во туризмот докторски студии | Туризам и угостителство – |

Од неговата наставно-образовна дејност, врз основа на горенаведениот преглед, можеме да констатираме дека кандидатот проф. д-р Златко Јаковлев, вонреден професор по туризам и угостителство реализира предавања на наставни предмети и на прв, втор и трет циклус студии кои се од доменот на туризмот, поконкретно од областа на туристичка промоција и туристички маркетинг.

***Научноистражувачка дејност***

Од научноистражувачката дејност објавува значаен број научни трудови и статии во научни и стручни списанија или нив ги презентира на домашни и на меѓународни конференции и семинари. Исто така, учествува во изработка на научноистражувачки проекти и курсеви во рамките на работната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, но и надвор од него.

Од големиот број научни и стручни трудови би ги елаборирале следниве:

1. „Анимацијата во туризмот - најзначаен сегмент на туристичката понуда“

Авторот во почетокот на трудот зборува за некои неповолни состојби на туризмот во Република Македонија. Ваквите состојби ги поврзува со повеќе причини, а особено поради недоволната искористеност на природните услови и културното наследство. Во тој контекст се залага за поголема искористеност на компаративните вредности и збогатување на туристичката понуда со разновидни анимациски содржини, како што се спортско-рекреативните, културно-забавните и излетничките. Оттаму анимацијата не само што е составен дел на туристичката понуда, туку таа треба да има рамноправен третман со сместувањето и исхраната на туристите.

Во натамошното излагање авторот се задржува на туристичката анимација како сплет на поттикнувачки активности која опфаќа три фази: подготвителна, содржинска и ефектна. Подготвителната фаза ги зафаќа севкуните активности пред да се донесе одлуката на потенцијалните туристи за патување во одредена туристичка дестинација. Содржинската фаза треба да ги содржи анимациските содржини. Успешноста на оваа фаза зависи од соодветноста на туристичката понуда со потребите и желбите на туристите. Третата фаза ги зафаќа ефектите од анимацијата кои можат да бидат индиректни и директни.

Одреден број емпириски истражувања укажуваат на фактот дека е зголемена побарувачката на туристите на оние дестинации, туристички места, хотели и кампови каде што постојат поголеми можности за активен одмор.

2. „Теоретски аспекти на туристичката анимација“

Во овој труд авторот зборува за значењето и целта на анимацијата во туризмот. Од кога изнесува одредени мислења за анимацијата на одделни автори посебно го истакнува нејзиното значење за претпријатијата од туризмот. Посебно го истакнува значењето на анимацијата како составен дел на туристичката понуда. Потоа авторот се задржува на принципите на анимацијата. Од повеќето принципи тој се задржува на два: принцип на слобода и принцип на активност.

На крајот, авторот заклучува дека посодржајната анимација има двојна улога. Од една страна, таа придонесува да се задоволат потребите на туристите, а од друга страна се зголемува вонпансионската потрошувачка и економските ефекти на хотелите и камповите.

3. „Интерперсоналната комуникација - суштина на туристичката анимација“

Во овој труд авторот го објаснува поимот комуникација и нејзиното значење во реализација на програмите за анимација. Потоа зборува за врбалната и невербалната

комуникација. Понатаму авторот се задржува на комуникациската мрежа во туристичката анимација и посебно се задржува на комуникациската мрежа во круг и мрежа во потполна независност.

Потоа авторот пишува за факторите во комуникацијата со туристите. Од факторите ги истакнува следните: разбирливост, занимливост и конкретност. Споменатите фактори ќе бидат задоволени само тогаш кога информацијата ќе биде стручно подготвена и кога ќе се познаваат особините на примачот.

4. „Туристичката анимација и туристичката понуда“

Авторот на почетокот на трудот зборува за поврзаноста меѓу туристичката понуда и туристичката побарувачка. Побогатата и посодржајната туристичка понуда е важен услов за задоволување на потребите на туристите. Во трудот посебно е истакната потребата од одделни емпириски истражувања на домашниот и на меѓународниот туристички пазар. Во натамошното излагање авторот посебно се задржува на природните и антропогените вредности и нивните анимациски карактеристики.

5. „Анимацијата на туристите за време на туристичкиот престој“

Содржината на овој труд може да се подели на два дела. Во почетокот авторот ги изнесува мислењата на неколку автори кои поблиску се занимаваат со оваа проблематика. Јост Крипендорф наведува шест подрачја и тоа: движење, дружење, творечки дејности, образование, авантури и мирување. Според д-р Миро Миховиловиќ постојат десет подрачја: општествени контакти, игри, спортски активности, општествено-забавни контакти, културни и уметнички активности, технички активности, активности во природа, здравствено-рехабилитациски активности, атракции и излети. Проф. д-р Бранко Бунташески аниматорските активности ги групира во три групи: спортско-рекреативни анимациски активности, излети и посети и културно-забавни активности.

Во вториот дел на текстот се изнесени најзначајните карактеристики на спортско-рекреативни анимациски активности, културно-забавните анимациски активности и излетите и прошетките како анимациски активности. Од изнесениов преглед на повеќето автори може да се констатира дека постојат поголем број содржини, кои во зависност од можностите на хотелите можат да најдат соодветно место во дневните и неделните програми за анимација на туристите во текот на нивниот престој.

6. „Теоретските поставки на маркетингот“

Во овој труд авторот го истакнува значењето на маркетингот. Имено, тој го изнесува ставот дека иако маркетингот е една од најновите научни дисциплини, сепак неговиот развој е релативно брз. Пазарниот амбиент делува на стопанските субјекти да преземат активна улога, т.е. при формулирањето на неговата деловна и развојна политика треба да се води посебна сметка и респектирање на потрошувачите, односно на нивните потреби и желби. Само на таков начин претпријатието може да очекува ефекти од своето делување. Со тоа слободно може да се констатира дека компанијата сè повеќе и повеќе го имплементира маркетинг концептот во секојдневната активност.

Авторот го објаснува поимот маркетинг, неговата улога и значење за деловните активности на компаниите и презентира бројни дефиниции од странски автори. Придонесот на овој труд се состои во тоа што авторот дава и своја дефиниција за маркетингот, а со тоа се збогатува и научната мисла која ја третира пороблематиката од доменот на маркетингот.

7. „Поим за менаџмент“

Авторот на овој труд најпрво ги истакнува неповолните економски состојби во Република Македонија. Тој истакнува дека само со правилно сфаќање на менаџментот ќе се остварат целите на поединецот, претпријатието и општествената заедница во целост, бидејќи ќе се изнајде оптимален модалитет кој ќе му обезбеди конкурентна предност на претпријатието на пазарот. Имено, менаџментот е присутен во сите сфери на општествено-економскиот систем на една земја, па така и во Република Македонија.

Според тоа, може да се апострофира дека менаџментот е динамичен процес, бидејќи му дава живот на секој аспект на деловните активности. Придонесот на овој труд се состои во тоа што авторот дава и своја дефиниција за менаџментот, а со тоа се збогатува и научната мисла која ја третира проблематиката од доменот на менаџментот.

8. „Анимацијатата содржина на вонпансионската туристичка понуда“

Во овој труд авторот истакнува дека анимацијата е содржина на вонпансионската туристичка понуда. Најнапред авторот контатирал дека сите услуги кои не се вклучени во пансионската понуда се нарекуваат вонпансионски. Притоа, содржините на анимацијата во туризмот се инкорпорирани во вонпансионската понуда.

Понатаму авторот го истакнува значењето на вонпансионската понуда, а со тоа и вонпансионската потрошувачка, притоа истакнувајќи ги начините за нејзино зголемување во структурата на туристичка потрошувачка. И на крајот тој констатирал дека содржините на анимацијата во туризмот се инкорпорирани во вонпансионската туристичка понуда.

9. „Значење и цели на менаџментот“

Авторот на овој труд ги апострофира значењето и целите на менаџментот. Тој истакнува дека нема ништо поважно за процесот на менаџмент отколку остварување на целите. Менаџментот нема никаково значење одвоен од целите кои треба да се постигнат. Најнапред авторот го истакнува значењето на менаџментот. Тој потенцира дека значењето на менаџментот е големо.

Потоа, авторот прави разлика помеѓу ефективноста и ефикасноста на менаџментот и дава еден јасен табеларен преглед за нивните разлики. Авторот истакнува дека во иднина менаџментот ќе добива уште поголемо значење поради бројни причини како што биле: развојот на науката и техниката, зголемување на динамичноста на опкружувањето, интернационализација на компаниите, зголемување на конкуренцијата, прифаќање на пазарните законитости и во земјите од реал социјализмот, идеолошки аспекти и слично.

Понатаму авторот се осврнува на целите на менаџментот. Тој истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика. Така според проф. д-р Бобек Шуклев целите на менаџментот како на макро така и на микро ниво се: подобар можен економски живот, унапредување на општествениот стандард, остварување поефикасна влада, национален раст, стопански и општествен развој, правилно водење на работењето на претпријатието, ефективно и ефикасно извршување на работењето, реализирање на активностите и слично.

10. „Принципи на менаџментот“

Во овој труд најнапред авторот го детерминира поимот принцип. Имено, тој истакнува дека терминот принцип (лат. *principum*) во основа значи начело, основа, темел, подлога, основно правило, основен поим, основно учење, основна мисла на некоја наука, начело по кое човекот живее и работи. Менаџмент принципите се определуваат како потврдени и докажани вистини на кои се потпира менаџментот. Со нив се пропишува и насочува како менаџерот треба да делува. Принципите на менаџментот се водич за менаџерска акција. Тие се општи вистини кои му помагаат на менаџерот да одлучи што да направи во дадена ситуација. Во тој контекст, за да ги оствари своите цели, менаџментот мора да се раководи од одредени принципи.

Авторот истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика. Така тој најнапред ги елаборира класичните принципи на менаџментот од Henry Fayol.

Со менување на пазарните услови кои во денешно време се се подинамични, авторот истакнува дека и задачите на менаџментот стануваат сѐ покомплексни и нивното извршување не се исцрпува единствено со примена на класичните принципи на менаџментот. Всушност, класичните принципи се модифицираат, прошируваат и се во функција на современиот менаџмент. Во тој контекст, авторот елаборира една класификација на менаџмент принципите која поаѓа од класичните принципи на Fayol, а е развиена шеесет и пет години подоцна.

11. „Функции на менаџментот“

Авторот на овој труд истакнува дека менаџментот е комплексен и е составен од одредени функции. Најнапред истакнува дека во првите декади од минатиот век, францускиот индустријалец Henry Fayol, како претставник на класичната школа за менаџмент, за првпат укажува дека сите менаџери извршуваат пет функции на менаџментот: планирање,

организирање, командување, координирање и контролирање. Најпопуларните книги на менаџментот сѐ уште продолжуваат да се организираат околу овие пет функции.

Натаму авторот истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика и дава еден табеларен приказ, преку кој концизно се прикажани авторите и нивните ставови во поглед на функциите на менаџментот. Придонесот на овој труд се согледува во фактот дека авторот има свои ставови за функциите на менаџментот и дава придонес за развој на научната мисла од доменот на менаџментот.

12. „Анимацијата во туристичката пропаганда“

Во овој труд авторот најпрво зборува за поим и дефинирање на анимацијата во туризмот. Тој истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика и даваат свои дефиниции за анимацијата.

Вредноста на овој труд се состои во тоа што и авторот дава своја дефиниција за анимацијата во туризмот, а со тоа ја збогатува и научната мисла од оваа област. Натаму тој се осврнува на поимот и дефинирањето на туристичката пропаганда. И тука, авторот на овој труд истакнува дека постојат голем број дефиниции кои се диферентни.

И на крај од овој труд се осврнува на презентирање на анимацијата преку туристичката пропаганда. Тој истакнува дека туристичката пропаганда мора да ги прикажува програмите на анимацијата во нивното одвивање и разновидност, но врз нагласување на одредени специфичности кои ќе привлечат и одредена структура посетители. Авторот истакнува дека туристичката пропаганда треба да ги содржи трите нужни елементи: туристичките вредности, услугите и цените.

13. „Спортско-рекреативната анимација фактор за развој на туризмот“

Авторот на овој труд истакнува дека спортот и туризмот имаат голем број допирни точки. Првата допирна е тоа што и двата феномени се одвиваат во слободно време. Втората допирна точка се факторите кои ги дава во паралелен табеларен преглед. Третата допирна точка се функциите кои исто така ги дава во паралелен табеларен преглед. Притоа истакнува дека спортско-рекреативната анимација е далеку покорисна од пасивната.

Исто така, авторот истакува дека постојат голем број спортско-рекреативни анимациски активности, кои можат да се одвиваат на копно и на вода на отворен или затворен простор. И на крајот авторот констатирал дека спортско-рекреативната анимација е фактор за развој на туризмот.

14. „Културно-забавна анимација“

Во овој труд авторот истакнува дека културно-забавната анимација треба да се третира равноправно со сместувањето и исхраната. Тој истакнува дека ништо не е поубиствено за туристите од чувството на досада. Туристите за време на нивниот престој сакаат да се занимаваат со разновидни културно-забавни активности и содржини, кои ќе одговараат на нивните потреби и желби.

Натаму авторот зборува за културно-забавната анимација, каде што најнапред го детерминира поимот култура, а потоа зборува за културно-забавните активности со посебен акцент во Република Македонија. Понатаму зборува за културно-забавните програми и истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика. И на крај дава и свои видувања за културно-забавните анимациски програми.

15. „Менаџмент на анимацијата во туризмот“

Авторот во овој труд истакнува дека менаџментот на анимацијата во туризмот е доста комплексен процес. Тоа произлегува од фактот дека туризмот е комплексен, а со тоа и менаџирањето на анимацијата во туризмот. Имено, од луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика се бара голема стручност, но и психофизички квалитети и вештини за да биде ефективно и ефикасно менаџирањето со анимацијата.

Понатаму авторот зборува за планирање на анимацијата во туризмот, потоа за нејзино организирање и на крај за управување на анимацијата во туризмот. И на крајот од овој труд, авторот истакнува дека секој менаџер може да биде и аниматор, но секој аниматор не може да биде добар менаџер.

16. „Културно-забавната анимација фактор за развој на туризмот"

Во овој труд авторот најнапред го детерминира помот култура. Потоа го објаснува поимот туризам и го детерминира поимот културен туризам. Натаму авторот зборува за културно-забавната анимација со посебен осврт на Охрид и одредени културно-забавни анимациски содржини во Република Македонија. И на крај, авторот констатирал дека културно-забавната анимација е еден од факторите за развој на туризмот.

17. „Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион"

Авторот на овој труд се осврнува на програмирање на спортско-рекреативната анимација на посетителите за време на туристичкиот престој, каде што посебно ги разработува принципите на програмирање, типови на спортско-рекреативни програми и фактори кои влијаат врз програмирањето на спортско- рекреативната анимација на посетителите. И на крај, авторот дава практичен пример за програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.

18. „Улогите на аниматорот во збогатување на содржината на туристичкиот престој"

Авторот во овој труд истакнува дека за да биде успешна анимацијата на посетителите, аниматорот треба да извршува многу сложени и динамични задачи. Всушност, тоа значи дека тој треба да има солидно педагошко образование, но исто така да биде специјализиран за одредени активности. Најнапред авторот ги истакнува психофизичките карактеристики на аниматорот. Тој истакнува дека постојат одреден број автори кои ги детерминираат неговите психофизички карактеристики. Во тој контекст би ги споменале некои од нив: лична и професионална чесност, чувство за хумор, чувство за давање на услуги, разбирање на анимирањето како уметност, оптимална животна возраст, инелигенција и слично.

Потоа авторот ги елаборира улогите на аниматорот во однос со посетителите. Така тој истакнува повеќе улоги, како што се: колега, универзалец, специјалист, домаќин, реперезент и друго. И на крај, авторот го истакнува стручниот профил на аниматорот. Имено, тој истакнува дека аниматорот треба да има големи теоретски познавања од различни области од доменот на туризмот и анимацијата, но исто така и практични познавања од доменот на анимацијата во туризмот.

19. „Претприемништво и менаџмент на анимацијата во туризмот"

Авторот во овој труд истакнува дека претприемништвото и менаџментот се доста сложени процеси, со тоа што во анимацијата во туризмот стануваат уште посложени. Имено, личностите кои ги имаат потребните психофизички карактеристики и способности за добар аниматор, но немаат адекватно знаење, вештини и искуство не успеваат добро да го организираат работењето и да бидат добри менаџери. Но, исто така постојат и практични примери каде што има млади луѓе со сертификати по менаџмент, но не се успешни затоа што немаат адекватни психофизички способности.

Најнапред авторот се осврнува на претприемништвото на анимацијата во туризмот и елаборира одредени дефиниции. Потоа ја истакнува личноста претприемач во анимацијата во туризмот, посочува дефинирање на претпримач и ги истакнува улогата и значењето на претприемништвото во анимацијата во туризмот. Потоа, авторот во овој труд истакнува дека менаџментот на анимацијата во туризмот е доста комплексен процес. Тоа произлегува од фактот дека туризмот е комплексен, а со тоа и менаџирањето на анимацијата во туризмот. Имено, од луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика се бара покрај голема стручност, така и психофизички квалитети и вештини за да менаџирањето со анимацијата биде ефективно и ефикасно. Натаму авторот зборува за планирање на анимацијата во туризмот, потоа за нејзино организирање и на крај за управување на анимацијата во туризмот. И на крајот од овој труд авторот истакнува дека секој менаџер може да биде и аниматор, но секој аниматор не може да биде добар менаџер.

20. „Претприемништво и културно-забавна анимација во туризмот"

Авторот во овој труд истакнува дека претприемништвото е доста сложен процес, додека во културно-забавната анимација станува посложен. Имено, тој истакнува дека

културно-забавната анимација треба да се третира рамноправно со сместувањето и исхраната. Авторот апострофира дека ништо не е поубиствено за туристите од чувството на досада. Туристите за време на нивниот престој сакаат да се занимаваат со разновидни културно-забавни активности и содржини, кои ќе одговараат на нивните потреби и желби.

Најнапред, авторот го елаборира поимот туризам, неговото дефинирање и неговите карактеристики. Потоа, тој истакнува дека престојот на туристите треба да биде исполнет со разновидни содржини. Тие содржини треба да имаат спортско-рекреативен, културно-забавен и излетнички карактер. Сето тоа ќе оди во прилог на збогатување на содржината на туристичкиот престој. Потоа авторот зборува за претприемништво на културно-забавната анимација и елаборира одредени дефиниции. Потоа ја истакнува личноста претприемач во културно-забавната анимацијата во туризмот, посочува дефинирање на личноста на претпримач и ги истакнува улогата и значењето на претприемништвото во културно-забавната анимација во туризмот.

Натаму авторот зборува за културно-забавната анимација, каде што најнапред го детерминира поимот култура, а потоа зборува за културно-забавните активности со посебен акцент во Република Македонија. Понатаму зборува за културно -забавните програми и истакнува дека постојат голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика. И на крај дава и свои видувања за културно-забавните анимациски програми.

21. „Анимација во туризмот“

Авторот во оваа книга истакнува дека анимацијата во туризмот има посебно значење и свои специфичности. Тоа произлегува од специфичностите на туризмот, што во различен обем и интензитет опфаќа различни стопански и нестопански дејности. Со оглед на комплексноста на анимацијата во туризмот, авторот на книгава не бил во можност детално да ги расветли сите нејзини аспекти и методологија за истражување. Аспектите на анимацијата во туризмот авторот настојувал да ги илустрира врз база на некои истражувања од одредени домашни и странски автори, како и одредени лични истражувања.

Анимацијата во туризмот во оваа книга се разгледува како специјалност на стручно образовани и специјализирани кадри, но истовремено треба да се апострофира дека анимацијата не може и не треба да биде професија само на аниматорот. За ефективно и ефикасно реализирање на програмите на анимацијата во туризмот, неопходна е тимска работа во која партиципираат сите членови од туристичкото претпријатие, а аниматорот е рамноправен член на деловниот тим. Во тој контекст, како „грижа за посетителот“, анимацијата е деловна задача и обврска на секој вработен во туризмот кој доаѓа во контакт со клиентот. Истовремено треба да се нагласи дека анимацијата не може и не треба да се користи за прикривање на недостатоците во поглед на квалитетот на услугите, бидејќи тогаш таа ќе престане да биде анимација.

22. „Менаџмент во туризмот“

Авторот на оваа книга истакнува дека мошне испреплетената состојба на денешниов свет, во голема мера, му се препишува на успешниот менаџмент. Во тој контекст, менаџментот е инкорпориран во секој сегмент на модерните корпорации, било да се од производниот сектор, услужните дејности, во образованието или во секоја организирана форма. Оттаму, се наметнува потребата од големата потрага по компетентни личности, заради претставување на најзначајниот клуч на успехот. Значењето на менаџментот се рефлектира и во перманентниот пораст на менаџерските работни места. Оние личности што докажале дека ја имаат неопходната способност за да бидат успешни менаџери добро се покажале во однос на своите квалификации.

Во рамките на деловните претпријатија, а посебно во туризмот, каде што работењето не може да се замисли без активностите на менаџментот, истиот се смета за своевидна технологија којашто овозможува ефикасност и ефективност во фирмите. Менаџментот има огромно влијание и наоѓа примена во сите фази на модерната организација: производните менаџери управуваат со производните активности во зависност од видот на производството во дотичното претпријатие, менаџерите во туризмот управуваат со комплексниот туристички производ, маркетинг менаџерите водат перманентна грижа за

целокупните маркетинг активности, персоналните менаџери ја обезбедуваат компанијата со стручна и продуктивна работна сила.

23. „Туристички вредности на Охрид“

Во оваа книга авторот на почетокот се задржал на туризмот како една општествено-економска појава која бара сестрано научно истражување. Понатаму дал некои основни податоци за градот Охрид како значаен туристички центар во Македонија. За потоа да премине конкретно на зададената тема давајќи една општа поделба на природните и антропогените вредности, како и кратки дефиниции што се тие.

Потоа постепено ги објаснал посебните видови на природни туристички вредности на Охрид, како геоморфолошки, хидрографски, биографски и пејзажни. И на крај дал посебно објаснување за сите антропогени туристички вредности како етносоцијални, културно-историски, манифестациски и амбиентални.

24. „Туристичкиот криминалитет и неговите специфичности“

Авторот во оваа книга истакнува дека туризмот добива масовен карактер посебно во последните 40 години. Според предвидувањата на меѓународните туристички експерти, туристичките посети годишно до 2020 година ќе се зголемат на околу 500 милиони, а со тоа се зголемуваат и приходите на финансиски средства остварени од туризмот. Тие средства течат преку каналите на туристичкото стопанство и навлегуваат скоро во сите други стопански и нестопански активности кои претставуваат снабдувачка база на тоа стопанство. Тие средства стануваат сè поважна ставка на приходи, не само за непосредните даватели на туристички услуги, туку и за националните економии на одделени земји, а исто така и значаен стимулативен фактор на меѓународните економски односи.

Како и секоја друга појава, така и во туризмот, покрај позитивните ефекти изразени преку општествените и економските функции постојат и негативни ефекти изразени преку туристичкиот криминалитет, деликвенцијата и социјално-патолошките појави. Иако далеку е поголемо позитивното влијание во однос на негативното, сепак негативното не смее да се занемари. Напротив, неопходно е да му се посвети поголемо внимание, како и да се преземат бројни мерки и активности за анулирање на негативните аспекти на туризмот односно сведување на најниско можно ниво.

25. „Маркетинг во угостителството и туризмот“

Во оваа книга се обработени осум дела. Во првиот дел е даден вовед и значењето на маркетингот. Во вториот дел е обработена улогата на маркетингот во туризмот. Во третиот дел е обработена сегментацијата на туристичкиот пазар. Во четвртиот дел е дадена концепцијата на туристичкиот производ. Во петтиот дел се обработени цените, теоријата, факторите и размислувањата. Во шестиот дел се обработени концептот и улогата на дистрибуцијата во туризмот. Во седмиот дел се разгледуваат промоцијата и политиката во туризмот. И во осмиот дел е дадено дефинирање на вредноста на клиентите и нивното задоволство.

26. „Анимација и туризам“

Во оваа монографија, во првиот дел, авторот најнапред го елаборира туризмот како значаен општествено-економски феномен. Имено, тој дава различни пристапи за дефинирање на туризмот како најзначаен феномен на 20 и 21 век. Потоа, го елаборира историскиот развој на туризмот, т.е. врши јасна дистинкција на туризмот и аналогните појави. Се осврнува и на условите кои го детерминираат туризмот. Потоа, авторот ги истакнува позитивните и негативните аспекти на туризмот. Се осврнува и на модерните трендови на туристичкиот пазар. Потоа ги елаборира специфичностите на туристичкиот пазар. Ја елаборира и димензионалноста на туристичкиот пазар. Авторот ги истакнува промените во туристичката понуда и побарувачка. Натаму авторот се осврнува на промените во туристичката побарувачка и мегатрендовите. Се осврнува и на мегатрендовите во светот, во Европа и во Република Македонија. И на крај од првиот дел дава генерален пристап на промените на туристичката понуда во светот, Европа и во Република Македонија.

Во вториот дел авторот се осврнал на анимацијата во туризмот. Имено, најнапред ги елаборирал теоретските основи во проучувањето на анимацијата во туризмот, каде што го истакнал поимот анимација во туризмот, дал своја дефиниција за анимацијата во туризмот со што ја збогатил научната мисла од доменот на анимацијата во туризмот. Потоа ги елаборирал целите, принципите и интерперсоналната комуникација во анимацијата во туризмот. Потоа се осврнал на анимацијата како интегрален сегмент на туристичката понуда. И на крај од вториот дел ги елаборирал претприемништвото и менаџментот на анимацијата во туризмот.

27. „Улогата на туристичкиот водич за туристичка промоција на Р. Македонија"

Оваа книга се состои од четири поврзани тематски целини. Во првиот дел авторот се осврнал на улогата на туристичкот водич за промоција на туризмот. Во вториот дел авторот го истакнува значењето на туристичкиот водич за мотивирање на посетителите да се вклучат во посебните видови на туризам.

Во третиот дел ја истакнува улогата на туристичкиот водич за промоција на туризмот на Р. Македонија. И во четвртиот дел авторот се осврнува на промоцијата и политиката во туризмот. Научниот придонес на оваа монографија се состои во тоа што авторот дава акцент на теоретските и практичните истражувања за улогата на туристичкиот водич за туристичка промоција на помали туристички дестинации како што е Р. Македонија.

28. „Рецензиран практикум по анимација во туризмот"

Авторот овој практикум го напишал поради големото значење на анимацијата во туризмот. Затоа од исклучива важност е правилно разбирање на поимот анимација, нејзините функции, принципи и цели, како и функцијата аниматор како туристички работник. Во таа насока, учебникот „Анимација во туризмот" на д-р Златко Јаковлев содржи изобилство на теоретски и практични примери за улогата, третманот и интегралната важност на анимацијата и стручниот профил на аниматорот - субејкт кој влијае непосредно врз ефективноста и профитабилноста на туризмот.

